# ЗАПИСНИК
## од конститутивниот состанок на Националниот Комитет за олеснување на трговијата

Конститутивниот состанок на Националниот комитет се одржа на 29 март 2018 година, во просториите на Министерството за економија (МЕ). Состанокот го водеше Билјана Додевска државен советник во МЕ и член на Националниот комитет. Составот на останатите членови/заменици членови на состанокот на Комитетот е во прилог на овој записник, како Листа на присутни.

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

Националниот комитет на состанокот работеше по утврден Дневен ред, електронски дистрибуиран до членовите 4 дена пред одржување на состанокот(во прилог на записникот).

Според првата точка од дневниот ред, Б. Додевска ДС накратко објасни за потребата од постоење на Национален комитет и неговата улога за поддршка на примена на СТО Спогодбата за олеснување на трговијата. Потенцира дека целосната поддршка на работењето на Националниот комитет МЕ обезбеди  преку УСАИД Проектот за регионален економски раст (РЕГ) и нивниот консултант Гордана Тошева.

Според втората точка, консултантот на УСАИД РЕГ ја презентира содржината на СТО Спогодбата за олеснување на трговијата и како таа ќе се применува во Република Македонија врз основа на нотификацијата на категории за исполнување на обврските од Спогодбата на национално ниво.

Според третата точка, правните и процедуралните предуслови за ефикасно фунционирање на Националиот комитет, на состанокот се заклучи дека е потребно да се донесе Деловник за работа како најсоодветен правен механизам за уредување на улогата и обврските на Националниот комитет и постапките за негово функционирање.  Од тој аспект, се предложи во рок од две недели да се подготви предлог-текст на Деловник за работа и електронски да се достави до присутните на состанокот. Присутните ќе имат можност во наредни две недели да достават коментари/предлози/сугестии на предлог-текстот. На следниот состанок на Националниот комитет ќе се финализира и усвои предлог-текстот на Деловниот за работа, за потоа министерот за економија Крешник Бектеши кој претседава со Националниот комитет да го потпише.

На состанокот се договори во Деловникот за работа да се предложи состаноците на Националниот комитет да се одржуваат со квартална динамика, а по потреба и почесто.

Во однос на четвртата точка, првично од повеќето присутни на состанокот, како главен проблем се посочи функционирањето на ЕХИМ системот и негова усогласеност со Одлуката на Владата на Република Македонија за распоредување на стоките на форми за извоз и увоз. Од тој аспект се предложи да се формират две работни групи и тоа:

1. Работна група за усогласување на Одлуката со издавањето на дозволи од бројни институции преку ЕХИМ системот и содветна примена на тарифните позиции со која ќе претседава Илир Шабани од МЕ.
2. Работна група за имплементација на препораките за реформирање на системот на дозволи за прекугранична трговија кои ќе произлезат од Анализата што ќе ја изработи консултантот од Хрватска во соработка со Царинската управа на РМ, останатите гранични агенции и деловната заедница. Со работната група ќе претседава Златко Ветеровски од Царинската управа.

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

Членовите на Националниот комитет се поканувaат електронски до 13 април 2018 да информираат доколку имаат интерес да членуваат во горенаведените работни групи. Известувањето треба да се достави до Илир Шабани на ilir.sabani@economy.gov.mk и до Златко Ветеровски на zlatko.veterovski@customs.gov.mk.

По петтата точка, врз основа на предлог на Златко Ветеровски од Царинска управа за дефинирање на стратегија за комуникација и мерки за видливост на работата на Националниот комитет, Б. Додевска предложи на веб страната на МЕ да се креира посебен линк до информации за работењето на Националниот комитет во кој ќе се постираат сите документи релевантни за информирање на членовите на ова тело и јавноста. Институциите кои членуваат во Националниот комитет ќе можат да обезбедат линкови до информациите преку нивните веб страници.